ЗАБРАНЕТО

Е ДА СЕ ЧИТА

ЛУИС КАРОЛ

ДИЕГО АРБОЛЕДА

ЗАБРАНЕТО Е ДА СЕ ЧИТА ЛУИС КАРОЛ

Илустрации
РАУЛ САГОСТТЕ



Бегемот

Скопје,2020

Книгата е објавена со поддршка на програмата
Креативна Европа на Европската унија

Овој проект е реализиран од Европската комисија. Изданието ги одразува гледиштата само на авторот и Комисијата не може да се смета одговорна за каква било употреба што може да произлезе од информациите што се содржат во него.

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Наслов на оригиналот: **Prohíbido leer a Lewis Carroll**
© Del texto: Diego Arboleda, 2013
© De las ilustraciones: Raúl Sagospe, 2013
© De esta edición: Grupo Anaya, S.A., Madrid, 2013
Macedonian edition © 2020 by Begemot

Превод од шпански јазик: Сања Михајловиќ-Костадиновска
Јазична редакција: Андреј Јованчевски
Лектура: Ирена Ралева

www.begemot.mk

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Содржина

1. Трепкање 13
2. *Мадмоазел* Кок, дадилка 16
3. Писмо со 4 услови
(бројот четири е намерно подвлечен) 24
4. Саутемптон, прекуокеанскиот брод
и домино-ефектот 27
5. *Мадмоазел* Кок, крш-дадилка 34
6. Њујорк и птицата-слон од Мадагаскар 42
7. Една торта, госпоѓата Велџиш
и најчудниот човек на светот 51
8. Мадмоазел Кок, параван-дадилка 60
9. Алис 72
10. Девојчето што ја обожаваше Алиса
и човекот што ја мразеше одличноста 78
11. Шест вадалки за цвеќе 89
12. Три лоши идеи 100
13. Незборувачите во еден неразговор 114
14. Добра ноќ (без вадење од памет) 126
15. Опасноста од гласно зборување 130
16. Собата на чудата 136
17. Ту...тука? 149
18. Извонредното трио 154
19. Гости без дозвола и бради без мустаќи 158
20. Различни начини како да се доживее
едно јајце 166

21. Една старица со многу долго име и
едно девојче со многу мали рачиња 184
Бесмислена посвета 203

Дозволени ликови во оваа книга



Алис



Ежен Кок



Тимоти Дирек



Алис Лидл



Баптист Травагант



Питер Дејвис



Господин и госпоѓа Велџиш

Забранети ликови во оваа книга



Хампти Дампти



Кралицата Срце



Белиот Зајак



Луис Карол



Генералот Хо Џиан



Чеширскиот Мачор



Сината Гасеница

1. Трепкање



Сите знаат што е трепкање: повторливо отворање и затворање на очните капаци.

Кога велиме *сите знаат*, го мислиме токму тоа и не е како да кажеме *сите мои пријатели* или *сите жители од мојот град.* Сите значи *сите*, бидејќи сите луѓе на целата планета Земја трепкаат. Сите трепкаат на ист начин и тоа отсекогаш било така.

Низ историјата на човештвото, многу работи се имаат сменето: начинот на облекување, начинот на разонодување, начинот на создавање и начинот на уништување. Но не и начинот на трепкање.

Трепнете неколку пати. Трепнавте? Е, па, исто како што вие го направивте тоа, се трепкало и пред илјада и пред сто години.

Но, она што нас нè интересира за приказнава е тоа дека денес ние трепкаме исто како што се трепкало во 1932 година.

Во 1932 година се случиле многу значајни настани и, како и секоја година, илјадници безначајни случки. Многумина мислат дека во

весниците се пишува само за значајните настани, а не и за безначајните. Но ова не е сосема точно. Секој ден во весниците се објавуваат мноштво огласи, вести и написи што никој или речиси никој не ги чита. Навидум се неважни, но се објавуваат бидејќи за некого, некаде, токму тој мал текст ќе биде од големо значење.

Таа година, во весниците се зборуваше за важни настани како одржувањето на олимписките игри или првиот обид на Адолф Хитлер да дојде на власт во Германија.

За приказнава нас нè интересира еден кус оглас објавен во аголот на претпоследната страница на францускиот провинциски весник *Л'Ералд дез Арк*.

На 10 април 1932 година, една маркиза, еден гроф и двајца барони дојдоа во куќата на младата госпоѓица Ежен Кок, настојувајќи ѝ да прочита еден оглас.

Иако, како што рековме, сите трепкања си личат едно на друго, не секогаш се трепка од истата причина. Може да се трепка затоа што нешто ни влегло в око, поради силна светлина вперена во нас, од жал, од среќа, од возбуда или од зачуденост.



Во овој случај, првиот пат кога *мадмоазел* Кок го прочита огласот во францускиот весник, трепна зачудено.

